Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
*Сектор за управен и инспекциски надзор*

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
*Sektori i Mbikëqyrjes* Administrative dhe Inspektuese

Републички фестивал на народни инструменти и песни ПЕЦЕ АТАНАСОСКИ
Бр. 03 – 11
22. 10 2025 год.
ДОЛНЕНИ

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-70**
**Датум: 16.10.2025 година**

Архивски знак: / Shenja arkivore:
Рок на чување: / Afati i ruajtjes:
20 година / viti

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Републички фестивал на народни инструменти и песни ПЕЦЕ АТАНАСОВСКИ с.Долнени |
| Седиште/адреса на субјектот | Населено место без уличен систем с.Долнени |
| Адреса за е-пошта | fnippeceatanasovski@yahoo.com |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | 4109198 |
| Даночен број на субјектот | 4021986121856 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 300020000218964 |
| Банка депонент | Комерцијална банка - Скопје |

Одговорно лице на субјектот:

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме, претседател | Телефон: | Е-пошта: |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 15.10.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 16.10.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | НИП „Нова Македонија“ службени простории на Сектор за управен и инспекциски надзор - Скопје | | |
| Приоритетна дејност на субјектот каде се врши надзорот | Работење на објекти за уметнички настани шифра:90.310) | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши | ул. „Св. Кирил и Методиј “ бр. 51 – Скопје | | |

надзорот

3) Инспекцискиот надзор е извршен по иницијатива бр.21-8119/2 од 17.9.2025 г., од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста, и е предвиден со Месечниот план за работа дел.бр. 57-953/9 од 6.10.2025 г., на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК за м. октомври 2025 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Верица Станкова, советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис Ип. 1 бр. 57-70 од 9.10.2025 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" 102/19), а поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите за работа, Записникот е дополнително составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор, којшто е планиран со Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за м. октомври 2025 г., е во однос на спроведувањето на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на авансно преведените средствата во вкупен износ од **900.000,00 денари**, преведени од Буџетот на Р. Северна Македонија, преку Министерството за култура и туризам за *учество во финансирање на проектот „Републички фестивал на народни инструменти и пресни Пеце Атанасовски"- Прилеп, Долнени 2025* **(во натамошен текст: Здружение)** *од* национален интерес *во културата од областа на* манифестации и фестивали од фолклорна дејност *за* 2025 година, *како* и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот/проектите до МКТ да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-страницата на МК), договори, сметки, фактури, конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација (банкови изводи, фото и/или видео документација и слично).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор: не употребена Листата за проверка.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме: , прет едател | Телефон: | Е-пошта: fnippeceatanasovski@yahoo.com |
|---|---|---|

8) За време на извршувањето на вонредниот инспекциски надзор, присутни беа и следните лица:

| Реден бр. Име и презиме | Својство |
|---|---|
| 1. , | Секретар,сметководител |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

-Видно од апликацијата/пријавата Уп 1 бр. 1027/2024 од 2024 година, на Републичкиот фестивал на народни инструменти и песни ПЕЦЕ АТАНАСОВСКИ с.Долнени - Корисник, конкурирало со Проектот „Републички фестивал на народни инструменти и песни ПЕЦЕ АТАНАСОВСКИ – Прилеп, Долнени 2025“ до МКТ со побарани вкупно 2.370.000 денари и тоа за: (Патни и дневни т-ци за селекциона комисија, за членови на Собранието и за учесници на фестивалот вкупно 180.000 денари, хонорарни услуги за одржување на семинарот, предавачите угостителски услуги за семинаристи 300.000 денари, угостителски услуги за учесници на фестивалот и ноќевање 600.000 денари, жири комисија 60.000 денари, печатарски услуги 80.000 денари, т-ци за симпозиум и издавање на зборник 200.000 денари, озвучување и осветлување 100.000 денари, сценографија за двете сцени во Прилеп и Долнени 60.000 денари, транспорт на учесници и граѓани 30.000 денари, изложба на народни носии 100.000 денари, изработка на Гранс при награди 100.000 денари, хонорари за организациско - продукциски тим 500.000 денари, одржување на офицјална веб страна 20.000 денари и за одржување и режиски трошоци на Спомен куќата и Анфитеатарот во Долнени 40.000 денари).

Со Решение за прифаќање на проектот Уп 1 бр.1027/2024 од 1.02.2025 г., од областа на Манифестации и фестивали од фоклорна дејност бил избран како проект од национален интерес во културата за 2025 година и за истиот се доделени средства во износ од **1.110.000 денари** (за хонорари, пропаганден материјал, озвучување и осветлување и сместување).

- Согласно со член 3 став (1) од Договорот според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МКТ да се врши во

согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МКТ, Корисникот на 18.3.2025 г. до МКТ има доставено БАРАЊЕ за исплата на средства, заведено во МКТ под бр. 21-1784/2 за исплата на одобрените средства, за реализација на проектот, во прилог со пополнет ОБРАЗЕЦ за оперативен и финансиски план од 13.3.2025 г., со којшто се предвидени следниве трошоци во вкупен износ од 1.110.000 денари и тоа (авторски хонорари 550.000 денари, сместување 450.000 денари, печатарски услуги 50.000 денари и озвучување и осветлување 60.000 денари).

-.Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) и член 9 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектите (забелешка: според членот 3 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2025 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2025 г.), од областа на *Манифестации и фестивали од фолклорна дејност* до МКТ да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МКТ), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека Корисникот до МКТ има доставено Наративен и финансиски извештај со приемен штембил на МКТ бр. 21-1784/4 од 25.6.2025 г., и бр.21-6706/1 од 9.7.2025 г.,за реализација на Проектот - „Републички фестивал на народни инструменти и песни ПЕЦЕ АТАНАСОВСКИ – Прилеп, Долнени 2025".

Во однос на обврската од член 7 став (4) од Договорот, според којшто корисникот е должен да го објави учеството на Министерството во финансирање на проектот од членот 1 став (1) од овој договор и да го истакне логото на Министерството, при надзорот е утврдено дека корисникот постапил по оваа обврска за што на инспекторот му беше презентирано програми, флаери со логото на Министерството за култура и туризам.

**Користење на одобрените средства**

**(Програма – Манифестации и фестивали од фолклорна дејност)**

Согласно со Годишниот договор бр. 21 – 1784/1 од 25.2.2025 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2025 г., од Буџетот на РСМ, преку МКТ на Корисникот за проектот –

„Републички фестивал на народни инструменти и песни ПЕЦЕ АТАНАСОВСКИ – Прилеп, Долнени 2025“ и тоа за следниве намени (авторски хонорари 550.000 денари, сместување 450.000 денари, печатарски услуги 50.000 денари и озвучување и осветлување 60.000 денари) а авансно преведени се со Решение бр.21-1784/3 од 14.4.2025 г., 900.000 денари.

Корисникот покрај средствата од МКТ за овој проект располагал и со средства од Општина Прилеп - 60.000 денари и од Општина Долнени 30.000 денари.

На денот на надзорот на инспекторот му беа презентитани следниве Трошоци за реализација за горе наведениот проект кои се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Намена/доверител | Износ | Друго |
|---|---|---|---|
| Проект- „Републички фестивал на народни инструменти и песни ПЕЦЕ АТАНАСОВСКИ – Прилеп, Долнени 2025“ | | | |
| | **Хонорари** | **340.193 денари** | - |
| 1. | АД Комерцијална банка Скопје | 8.179 денари | Исплатена банкарска провизија и за завршна с-ка |
| 2. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 18.000 денари | Исплатено по ф-ра бр.05-3403 од 18.6.2025 и склучен договор (баннковен извод бр.20 од 30.7.2025) |
| 3. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 94.364 денари | Исплатено по ф-ра бр.05-3136 од 9.6.2025 за организација, продукциски тим за 4 лица по договрибр.03-9/7 од 2.6.2025, бр.03-9/15 од 6.6.2025,бр.03-9/9 од 6.6.2025,бр.03-9/10 од 6.6.2025(банковен извод бр.12 од 14.10.2025) |
| 4. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 7.000 денари | Исплатено по ф–ра бр.05-3124 од 9.6.2025 за снимател на видео по претходно склучен договорбр.03-9/8 од 6.6.2025 (банковен извод бр.12 од 14.10.2025) |
| 5. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 27.747 денари | Исплатено по ф-ра бр.05-3137 од 9.6.2025 за книговодствени услуги по договор бр.03-9/14 од 6.6.2025(банковен извод бр.12 од 14.10.2025) |
| 6. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 21.000 денари | Исплатено по 4 ф-ри за рецензија,лектура и предавање за зборник по договори бр.03-9/10од 6.6.2025(банковен извод |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | бр.12 од 14.10.2025) |
| 7. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 28.903 денари | Исплатено по ф-ра бр.05-2550 од 14.5.2025 г.,за 2 лица по претходно склучени договор бр.03-1/1 од 12.5.2025 (банковен извод бр.4 од 26.5.2025) |
| 8. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 54.000 денари | Исплатено за 4 лица за предавачи на семинарпо ф-ра бр.05-2999 од 3.6.2025 по претходно склучени договори 03-9/1/2/3/4 од 2.6.2025 (банковен извод бр.11 од 9.5.2025) |
| 9. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 20.000 денари | Исплатено по ф-ра бр.05-3129 од 9.6.2025 г., по претходно склучен договор бр.03-9/11 од 6.6.2025 за изготвување на награди Гранд при и 10 статуетки(банковен извод бр.15 од 18.6.2025) |
| 10. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 24.000 денари | Исплатено по ф-ра бр.05-3130 од 9.6.2025 г., за изработка на филиграни и договор бр.03-9/11 од 6..6.2025(банковен извод бр.12 од 9.6.2025) |
| 11. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 17.000 денари | Исплатено по ф-ра бр.05-3265 од 13.6.2025 за изготвување на награда гајдата на Пеце по претходно склучен договор бр.03-9/12 од 6.6.2025(банковен извод бр.15 од 18.6.2025) |
| 12. | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје | 20.000 денари | Исплатено по ф-ра бр.05-3264 од 13.6.2025 за ПР водител и договор бр.03-9/13 од 6.6.2025(банковен извод бр.15 од 18.6.2025) |
| | **Сместување** | **450.000 денари** | - |
| 1. | Ники Комерц | 3.600 денари | Исплатено по ф-ра бр.01/2037/0107 од 31.5.2025 набавка на вода(банковен извод бр.10 од 3.6.2025) |
| 2. | ДООЕЛ Кафана Еснаф, Прилеп | 428.500 денари | Исплатено по 2 ф-ри бр.8 од 2.6.2025 и бр.10од 11.6.2025 за сместување и угостителски услуги за семинаристи и за учесниците за 2-та фестивалски денови забелешка (по договор без број и датум доставен и при апликацијата за проектот) (банковен извод бр.10 и 12 од 2025) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Хотел Салида -Прилеп | 13.500 денари | Исплатено по ф-ра бр.60 од 1.6.2025 г. хотелско сместување(банковен извод бр.12 од 14.10.2025) |
| 4. | Државен студентски дом Орде Чопела Прилеп | 4.400 денари | Исплатено по ф-ра бр.04/2025 од 9.6.2025 г.(банковен извод бр.16 од 2.7.2025) |
| | **Пропаганден материјал** | **49.807 денари** | - |
| 1. | ДООЕЛ Фото Принт Прилеп | 49.807 денари | Исплатено по ф-ра бр.200/25 од 22.5.2025 печатење на програма,пострери,зборник,дипломи(банковен извод бр.7 од 2.6.2025) |
| | **Озвучување и осветлување за двата фестивалски денови** | **60.000 денари** | Патентцентар-АР-консалтинг АД Скопје, исплатено по ф-ра 1 лице бр.05-2998 од 3.6.2025 по претходно склучен договор бр.03-9 од 2.6.2025 (банковен извод бр.11 од 9.6.2025) |
| | **Вкупно:** | **900.000 денари** | |

Корисникот го реализирал горенаведениот проект од областа на Манифестации и фестивали од фолклорна дејност во периодот од 26.5.2025-1.6.2025 г., година во НУЦК „Марко Цепенков“ во Прилеп во ликовен салон (симпозиум), на плоштадот „Александрија во Прилеп (камена бина) и во с.Долнени а на инспекторот му беше презентирана програма и постер со лого на Министерството за култура и туризам, за реализација на истиот.

Исто така, присутните лица на инспекторот му презентираа обврски за авторски хонорари (за жири комисија, за изработка и одржување на веб страна, книговодствени услуги и за хонорари за организациско продукциски тим) во вкупен износ од **210.000 денари.**

При надзорот, инспекторот утврди дека презентираните Договори се склучени по реализација на самиот проект односно на 20.8.2025 година, 2 месеци по одржување на настанот, како и фактот дека во исплатените авторски хонорари фигурираат истите лица кои веќе се исплатени со авансно преведените средства.

Присутните лица изјавија дека мислеле дека гореспоменатите Договори, треба да ги склучат откако го испратиле барањето бр.03-11 од 11.8.2025 г., до МКТ за доисплата на средствата согласно Договорот бр.21-1784/1 од 25.2,2025 г., од страна на МКТ и ненамерно направиле превид и склучиле договори по реализација на проектот.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот:**

-Корисникот го реализирал горенаведениот проект со авансно преведените средства во периодот од 26.5.2025 година до 1.6.2025 година и доставил до МКТ во два наврата наративен и финансиски извештај за реализација на проектот.

-Авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ во износ од 900.000 денари од областа на Манифестации и фестивали од фолклорна дејност, Корисникот ги потрошил согласно Образецот за оперативен и финансиски план.

Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се констатирани неправилности во работењето на Корисникот од аспект на примена на Законот за културата, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки .

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: НЕМА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | претседател | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Верица Станкова советник-инспектор |
| Датум: | 22.10..2025 г. | Датум: | 16.10.2025 г. |

